По одобрување на тендерската документација за доделување на концесија за вршење на проспекциски истражувања на неметални минерални суровини, Комисијата од став 2 на овој член во рок од десет дена ќе го објави јавниот повик согласно Законот за минерални суровини (*).

Член 5

Висината на надоместокот за издавање на тендерската документација, ќе изнесува 6.000,00 денари.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-3457/13 Претседател на Владата
12 мај 2026 година на Република Северна Македонија,
Скопје проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

---

**1566.**

Врз основа на член 16 став (9) од Законот за јавен долг („Службен весник на Република Македонија" бр.62/05, 88/08, 35/11, 139/14 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19, 151/21 и 12/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 12 мај 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА ОПШТИНА НОВО СЕЛО СО ДОЛГОРОЧЕН КРЕДИТ КАЈ КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД СКОПЈЕ**

Член 1

Општина Ново Село се задолжува кај Комерцијална банка АД Скопје со долгорочен кредит во износ од 8.500.000,00 денари, за реализација на проектот „Објект со намена Б2 Покривање на Отворен пазар на ГП 2.19, КП бр. 7294/1, КО Ново Село”.

Член 2

Средствата од долгорочниот кредит од член 1 од оваа одлука Општина Ново Село ќе ги користи за обезбедување на финансиски средства за реализација на проектот „Објект со намена Б2 Покривање на Отворен пазар на ГП 2.19, КП бр. 7294/1, КО Ново Село”, под следните услови:

- каматна стапка: договорна камата по каматна стапка во висина на референтна стапка зголемена за каматна маржа од 3 процентни поени, годишно, декурзивно, но не помалку од 3,4% годишно, при што пресметката на каматата ќе се врши со примена на пропорционална метода и тоа според број на календарски денови во однос на 365 (366);
- рок на отплата: 48 месеци од денот на искористувањето на кредитот со вклучен грејс период од 12 месеци;
- краен рок за користење на кредитот: 12 месеци;
- начин на отплата на кредитот: кредитот се става во отплата по истекот на грејс периодот, на 36 еднакви месечни рати, при што првата рата достасува за плаќање еден месец по ставање на кредитот во отплата;
- провизија: пред секое користење на средствата по основ на кредитно задолжение, банката еднократно наплатува надомест во висина од 0,3% од износот на одобрениот кредит за водење на аранжман по долгорочен кредит од сопствени средства на банката и 0,3% од износот на искористените средства, согласно Одлуката за Тарифата на надоместоци за услугите што ги врши Комерцијална банка АД Скопје, но не повеќе од 100.000,00 денари, а во случај на продолжување на рокот на кредитот, на износот на салдото на кредитот, на денот на продолжувањето на рокот банката ќе пресмета и наплати еднократен надомест во согласност со Одлуката за Тарифата на надоместоци за услугите што ги врши Комерцијална банка АД Скопје;
- предвремена отплата на кредитот: во случај на предвремена отплата на искористените средства од кредитот од страна на општина Ново Село со рефинансирање од друга банка, банката наплатува еднократен надомест во согласност со Одлуката за Тарифата на надоместоци за услугите што ги врши Комерцијална банка АД Скопје, а кој надомест во моментот на склучување на договорот изнесува 3% од износот за кој се врши предвремено враќање/затворање на кредитната изложеност;
- обезбедување на кредитот: три бланко сопствени акцептирани меници со менична изјава-согласност банката да ги пополни и употреби за наплата без протест, уредени во форма на Нотарски акт и извршна клаузула - акцептирни и трасирани од Општина Ново Село како корисник на кредитот.

Член 3

Условите и начинот на користење на кредитот, како и сервисирањето на обврските кои произлегуваат од истиот, се утврдуваат со Договорот за кредит што ќе се склучи помеѓу Општина Ново Село и Комерцијална банка АД Скопје.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-3772/5 Претседател на Владата
12 мај 2026 година на Република Северна Македонија,
Скопје проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

---

**1567.**

Врз основа на член 53 од Законот за рамномерен регионален развој (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 24/21 , 174/21 и 241/24 ), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 12 мај 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТИ ЗА РАЗВОЈ НА УРБАНИ ПОДРАЧЈА ВО 2026 ГОДИНА**

Член 1

Со оваа одлука се доделуваат средства за финансирање на проекти за развој на урбани подрачја и одржлив и урбан развој во 2026 година, во вкупен износ од 22.261.433 ,00 денари, наведени во Листата на проекти за развој на урбани подрачја и одржлив и урбан развој во 2026 година, која е дадена во Прилог и е составен дел на оваа одлука.

Член 2

Доколку Министерството за локална самоуправа-Биро за регионален развој утврди ненаменско трошење на средствата кои ќе бидат распределени, корисниците на средствата согласно оваа одлука, истите треба во целост да ги вратат во Буџетот на Република Северна Македонија.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-4244/7 Претседател на Владата
12 мај 2026 година на Република Северна Македонија,
Скопје проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

**Прилог**

## ЛИСТА НА ПРОЕКТИ ЗА РАЗВОЈ НА УРБАНИ ПОДРАЧЈА И ОДРЖЛИВ И УРБАН РАЗВОЈ ВО 2026 ГОДИНА

### СКОПСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН

| Ред. бр. | Назив на проектот | Корисник на средствата | Одобрени средства во денари |
|---|---|---|---|
| 1 | Поставување на подземни контејнери за комунален отпад на две локации во Топанско Поле - ул. Методија Митевски | **Општина Чаир** | 1.372.571,00 |
| | | **Вкупно:** | **1.372.571,00** |

### ЈУГОЗАПАДЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

| Ред. бр. | Назив на проектот | Корисник на средствата | Одобрени средства во денари |
|---|---|---|---|
| 1 | Набавка на товарно возило за подигнување на отпад | Општина Охрид | 883.560,00 |
| 2 | Набавка на опрема за одржување на водоводната мрежа во град Струга | Општина Струга | 699.450,00 |
| 3 | Набавка на мини багер за подобрување на комуналните услуги во Општина Кичево | Општина Кичево | 900.000,00 |
| | | **Вкупно :** | **2.483.010,00** |

### ЈУГОИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

| Ред. бр. | Назив на проектот | Корисник на средствата | Одобрени средства во денари |
|---|---|---|---|
| 1 | Реконструкција на улица, парк и паркинг во Валандово | Општина Валандово | 2.802.498,00 |
| | | **Вкупно :** | **2.802.498,00** |

| ПЕЛАГОНИСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН | | | |
|---|---|---|---|
| **Ред. бр.** | **Назив на проектот** | **Корисник на средствата** | **Одобрени средства во денари** |
| 1 | Изработка на техничка документација за уредување и поставување на урбана опрема на дел од спортско рекреативниот комплекс Гумење во Крушево | Општина Крушево | 1.088.550,00 |
| 2 | Енергетска ефикасност на административната зграда на Општина Прилеп преку воведување на систем со топлинска пумпа | Општина Прилеп | 2.024.000 ,00 |
| | | **Вкупно :** | **3.112.550,00** |

| ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН | | | |
|---|---|---|---|
| **Ред. бр.** | **Назив на проектот** | **Корисник на средствата** | **Одобрени средства во денари** |
| 1 | Изградба на потпорен ѕид на Маршал Тито во Берово | Општина Берово | 705.874,00 |
| 2 | Партерно уредување и поставување на урбана опрема на еко парк Езерце – Пехчево на КП 4114, КП 4112/1, дел од КП 4112/3, КП 4089/1, КП 4089/1, КП 4093, КП 4095 и КП 4096 | Општина Пехчево | 2.500.000,00 |
| | | **Вкупно :** | **3.205.874,00** |

| СЕВЕРОИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН | | | |
|---|---|---|---|
| **Ред. бр.** | **Назив на проектот** | **Корисник на средствата** | **Одобрени средства во денари** |
| 1 | Реконструкција на стара училишна зграда Фаза 2 | Општина Кратово | 3.418.930,00 |
| | | **Вкупно :** | **3.418.930,00** |

| ВАРДАРСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН | | | |
|---|---|---|---|
| **Ред. бр.** | **Назив на проектот** | **Корисник на средствата** | **Одобрени средства во денари** |
| 1 | Подобрување на комуналната инфраструктура преку набавка на специјализирана машина | Општина Кавадарци | 2.537.499,00 |
| 2 | Проект за реконструкција на крак од улица “Питу Гули” во Свети Николе | Општина Свети Николе | 902.501,00 |
| | | **Вкупно :** | **3.440.000,00** |

| ПОЛОШКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН | | | |
|---|---|---|---|
| **Ред. бр.** | **Назив на проектот** | **Корисник на средствата** | **Одобрени средства во денари** |
| 1 | Проширување на системот за дигитален мониторинг и паметно управување со водените ресурси во општина Тетово - фаза 2 | Општина Тетово | Општина Тетово |
| | | **Вкупно:** | **2.426.000,00** |
| | | **Севкупно:** | **22.261.433,00** |